Општина Охрид
Градоначалник

Градоначалник

ДимитарВлахов
бр. 57
6000Охрид

Тел.(046)262-469
Фах.(046)262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 11, 12 и 306 став 2 од Законот за социјална заштита (,,Сл.весник на РМ” бр.79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13,79/13,164/13,187/13,38/14,44/14,116/14,180/14,33/15,72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18), програмата за социјална издравствена заштита на општинаОхрид за 2025 година како и Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услугибр. услугибр.08 – 15415/59 од 25.12.2024 година (,,Службен гласник на општина Охрид број 14/24 од 26.12.2024 година), Градоначалникот на општина Охрид, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК

## За спроведување на постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги

### Член1

Со овој Правилник од страна на Општина Охрид се обезбедува правото на остварување на социјална заштита на граѓаните, од средствата на буџетот на Општина Охрид, во облик на спроведување мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги за граѓаните кои се изложени на социјални ризици.

Субвенционирањето на трошоците за комунални услуги се однесува за периодот од 01.01.2025 година, заклучно со 31.12.2025 година.

Согласно програмата за социјална заштита во буџетот на општина Охрид за оваа намена се предвидени 2.300.000,00 денари.

Со овој Правилник се утврдуваат компонентите, корисниците, критериумите и постапката за спроведување на меркатасубвенционирање на трошоци за комунални услуги.

### Член2

Вкупниот износ на субвенција ќе изнесува 703,00 денари месечно за секој корисник на субвенцијата и ќе биде составен од следните четири компоненти:

- Покривање на трошоците за потрошена вода за пиење до 320 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата;
- Покривањенатрошоцитезаспроведувањенаотпаддо150 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата;

Градоначалник

ДимитарВлахов
бр. 57
6000Охрид

Тел.(046)262-469
Фах.(046)262-545
www.ohrid.gov.mk

- Покривање на трошоците за одведување отпадни и атмосферски води до 150 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата и
- Покривање на трошоците за плаќање на гробна такса-гробарина до 83 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата

Член3

СубвенционирањеодсредстватанабуџетотнаОпштинаОхридќе можат да користат лицата кои имаат статус на:

- Корисник на социјална помош;
- Корисник на постојана парична помош;
- Невработено лице подолго од 12 месеци, а доколку корисникот ево брак, тогаш и неговиот брачен другар да е невработен.
- Лица кои имаат најмалку 70% степен на инвалидитет или тешка болест, односно нивниот брачен другар или друг член на семејство е со инвалидитет од најмалку 70% или има тешка болест и истото исклучиво е утврдено од надлежен орган или комисија - мерката не се однесува на инвалидните лица кои се во работен однос;

**Услов за првите три точки** од горенаведените категории е: корисниците и нивните брачни другари да бидат пријавени во Агенцијата за вработување на РСМ и активно да бараат работа;

**Услов за четвртата точка** е лицата да не се вработени и да не остваруваат приходи по основ на плата,пензија,дополнителни приходи или слично освен правата кои ги остваруваат врз основа на нивниот степен на инвалидност. Лицето треба да биде пријавено во Агенцијата за вработување како невработено инвалидно лице активен барател на работа. Како тешка болест во оваа категорија се подразбираат малигни и кардиоваскуларни заболувања.

Граѓанитекоиќеаплицираатнајавниотповиктребадагидостават следните документи:

- **Задолжителни**
    - Пријава за субвенционирање на трошоци за комунални услуги;
    - Копија од лична карта
    - Копија од сметки од јавните претпријатија;

Градоначалник

ДимитарВлахов
бр. 57
6000Охрид

Тел.(046)262-469
Фах.(046)262-545
www.ohrid.gov.mk

- **Зависно од категоријата врз основа на која аплцира доставува некој од следните документи:**
  - Решение за категоризација издадено од Центар за социјални работи;
  - Потврда за невработеност од АВРСМ;
  - Решение од Центарот за социјални работи за примање на социјална помош;
  - Решение за утврдена инвалидност издадено од страна на Центарот за социјални работи (за лица до 26 години);
  - Решение од Комисија за оценка на работнатаспособност на фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (за лица над 26 години)
  - Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби издадено од страна на центрите кои го утврдуваат истиот;
  - Општина Охрид по службена должност преку Управата за јавни приходи ќе ги обезбеди податоците кои се однесуваат на примањата на семејството и се составен дел од годишните даночни пријави;

Член4

Сите категории на граѓани, опфатени со овој јавен повик субвенционирањето ќе можат да го користат доколку комулативно ги исполнуваат следните критериуми:

- Да се жители на општина Охрид;
- Да се корисници на услуги одЈП „Водовод“ или ЈП„Охридски комуналец“ или ЈП „Нискоградба“ или ЈП „Градски гробишта“;
- Да се подносители на барање за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.

Максималните износи за секој корисник на комуналните услуги, односно на субвенцијата, ќе бидат исти и ќе бидат фиксни, односно нема да зависат од месечните трошоци за секој корисник одделно.

Член5

Субвенциите се доделуваат врз основа на распишан Јавен повик.

Јавниот повик го распишува Градоначалникот на општинаОхрид.

Јавниот повик се објавува наогласна табла во општината и на ВЕБ страната на општината.

Градоначалник

Димитар Влахов
бр. 57
6000 Охрид

Тел.(046)262-469
Фах.(046)262-545
www.ohrid.gov.mk

Јавниот повик трае 20 дена од денот на објавувањето.

Член6

Доставените Барања по Јавниот повик за доделување на субвенции за комунални услуги, ги разгледува стручна комисија која ја формира Градоначалникот на општина Охрид во состав од 5(пет) члена и тоа 4 члена од редот на вработените во општината и 1 претставник на Советот на општина Охрид. Претставникот на Советот на општина Охрид се именува за претседател на комисијата.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1(една) година со можност за повторно именување

Член7

Комисијата за субвенционирање на трошоци за комунални услуги некомплетните и ненавремено доставените барања нема ги разгледува.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата од пристигнатите барања подготвува предлог листа и му ја доставува на Градоначалникот

Градоначалникот врз основа на доставената листа,донесува Одлука (Решение) за доделување на субвенции за комунални услуги

Против Одлуката на Комисијата нема право на жалба.

Член8

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето.